Врз основа од  Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010,135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015,23/2016 и 248/2018) и Правилата за котација на Македонската берза за известување на акционерските друштва со посебни обврски за известување како **прилог кон неревидираните** шестмесечни финансиски извештаи  поднесуваме:

## КОМЕНТАР НА БИЛАНСОТ НА УСПЕХ
## На Македонијатурист ХУАД - Скопје за период  01.01.-30.06.2025 година

**Финансиски податоци  на акционерското друштво**

- Друштвото во шесте  месеци од  2025 година од пружените хотелски и ресторански услуги како основна дејност како и од други споредни дејности **оствари  позитивен финансиски резултат односно добивка по оданочување од 143,653 мил. денари.**

- **Вкупните приходи** за шесте месеци од 2025 год. изнесуваат **331,833 мил. денари** и се зголемени за 57%  додека пак приходите од продажба на Друштвото се зголемени за 28% во однос на истиот период минатата 2024 година.

- **Вкупните трошоци и расходи** од работењето за шесте месеци од 2025 год. изнесуваат **178,847 мил. денари** и се зголемени за 17%  во однос на 2024 година.

- **Финансиски показатели** како што се степенот на финансиска сигурност, степенот на самофинансирање и општата ликвидност на Друштвото се на доста високо ниво.

- **Сметководствени политики и методи на вреднување**

  Во период од 01.01-30.06.2025 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во ревидираните финансиските извештаи на Македонијатурист АД - Скопје.

- **Акции и дивиденда**

- На годишната седница на Собранието на акционери одржана на 26.05.2025 година, не е донесена Одлука за исплата на дивиденда.

- **Обврски по кредити**

  “Македонијатурист” АД Скопје во извештајниот период нема нови кредитни задоженија.

- **Инвестиции**

  “Македонијатурист“ АД Скопје во текот на шесте месеци од 2025 изврши нови вложувања во износ од 24.013.757 денари во градежните објекти, за набавка на опрема и за одржување на постојната опремата во своите објекти.

  Друштвото постојано своите инвестициски активности во континуитет ги насочува кон реновирање и модернизација на постојните хотелски и ресторански капацитети, кон подобрување на условите за работа, почитување на протоколите за заштита на здравјето, спроведување на новите законски регулативи и задолжително спроведување на нови стандарди за брендираните хотели и тековно одржување.

.

- **Вложувања во краткорочни хартии од вредност –удели во отворени инвестициски фондови во земјата**

  “Македонијатурист“ АД Скопје во текот на првите шест месеци од 2025 година Друштвото изврши вложувања во износ од 250 милиони денари краткорочни хартии од вредност – удели во отворени инвестициски фондови.

- **Вложувања во хартии од вредност расположиви за продажба**

  “Македонијатурист“ АД Скопје во извештајниот период изврши вложување во износ од 173 милиони денари во должнички хартии од вредност.

  Во извештајниот период извршена е продажба на сопственички и должнички хартии од вредност во странски правни лица при што беше остварена добивка во износ од 57 милиони денари.

- **Планирани активности**

  Планираните активности на “Македонијатурист“ АД Скопје за 2025 год. се во согласност со сите законски регулативи, како и со стратегијата за развој на Друштвото.

  Главните инвестициски активности на Друштвото во вториот дел на 2025 година ќе бидат насочени кон завршување на веќе започнатите инвестициски активности, како и започнување на нови инвестициската.

  Останатите инвестициски активности предвидени за 2025 година се однесуваат на модернизација и санација на остантите капацитети со кои располага Друштвото.

И во наредниот период главните активности на Друштвото ќе бидат насочени кон што е можно поефикасно користење на ресурсите со кои располага, намалување на трошоците, се со цел да се подобри финансискиот резултат во наредниот период

Македонијатурист АД- Скопје